РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
"ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"
Бр. 04-28/1
26. 01 2026 год.
Охрид

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА**
**ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"-ОХРИД**
**Ул."Македонски Просветители" бр.4 П.Ф. 94 тел/факс 046 261-063**
**www.centarzakulturaohrid.com.mk , centarzakultura_ohrid@yahoo.com**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 1/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), Директорот на Националната установа Центар за култура „Григор Прличев" - Охрид ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за избор на кандидат за административен службеник

1. За работното место КУЛ 01 02 В01 006 Советник главен сметководител во Административна служба се избира кандидатот Мимоза Николоска.

2. Мимоза Николоска ќе биде вработена на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука, за што Директорот ќе донесе Решение за вработување.

3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисиите за селекција за вработување по јавен оглас формирани од страна на Директорот на Агенцијата за администрација со Решение бр. 10-2569/6 од 18. 12. 2025, а по претходно известување од страна на НУ Центар за култура „Григор Прличев" Охрид дека институција нема раководни административни службеници со бр. 04-645/1 од 13. 11. 2025 година, во функција за спроведување на постапка за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи од работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по јавен оглас за вработување бр.1130/2025 објавен на 25. 12. 2025 година во дневните весници „Нова Македонија", "Вечер" и „Коха", за работното место КУЛ 01 02 В01 006 Советник главен сметководител во Административна служба, спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник од извршена административна селекција со бр. 10-2569/7 од 24. 12. 2025 година достапен на веб страницата на Агенцијата.

Комисијата спроведе испит за уредните кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник со бр. 10-256/2 од 12. 01. 2026 година достапен на веб страницата на Агенцијата и изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите за наведеното работно место и состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју бр. 10-256/3 од 16. 01. 2026 година достапен на веб страницата на Агенцијата.

Комисијата за селекција на вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа со бодување на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување на 20. 01. 2026 година за кандидати од сите фази на селекција.

Врз основа на приложената конечна Ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување по јавен оглас 1130/2025, доставени на 23. 01. 2026 година до Установата, Директорот на Националната установа Центар за култура „Григор Прличев" - Охрид изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенција за администрација.

НУ Центар за Култура „Григор Прличев" – Охрид,
Директор,
Горан Стојаноски

с.р.________________

Доставено до:
-Именуваниот;
-Агенција за администрација;
-Архива.